22. V. 1989

СЛ... ...НИК
НА ... ...КА МАКЕДОНИЈА

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

„Службен весник на С... ...ска, 29 април 1989
ва по потреба. Рок за рекламаци... Скопје
15 дена. Огласи според тарифата. | Број 18 | Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 5.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**224.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САМОСТОЈНО ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ СО ЛИЧЕН ТРУД

Се прогласува Законот за самостојно вршење дејност со личен труд,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1683/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
### ЗА САМОСТОЈНО ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ СО ЛИЧЕН ТРУД

### I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се утврдуваат условите за самостојно вршење дејност со личен труд, односно со личен труд и средства во сопственост на граѓаните.

Член 2

Работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд, односно со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните (во натамошниот текст: работниот човек) можат да вршат една или повеќе дејности, под услови утврдени со овој и со друг закон за одделна дејност.

Член 3

За вршење дејност со личен труд работниот човек основа дуќан, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Дуќан може да основа и лице во работен однос и пензионер (во натамошниот текст: работен човек).

Дуќанот може да има својство на правно лице.

Член 4

Работниот човек може да вработува до 50 работници.

Лицето во работен однос, односно пензионерот, кое врши дејност со личен труд може да вработува до 10 работници.

Член 5

Во дуќан може да се изведува практична настава со учениците.

Правата, обврските и одговорностите на учениците од став 1 на овој член се уредуваат со договор склучен меѓу воспитно-образовната организација и работниот човек.

Член 6

Работниот човек кој основа дуќан, дејноста може да ја врши во една или повеќе деловни простории или на друг начин.

Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги определува дејностите што се вршат во деловна просторија.

Член 7

Работниот човек не може да ги врши следниве дејности:

— производство и промет на лекови, дроги и отрови;

— производство и промет на експлозивни материи;

— производство на огнено, спортско и ловечко оружје и промет на огнено оружје;

— производство на хемиски средства за заштита на растенијата и средства за дезинфекција, дезинсекција и дератизација;

— игри на среќа освен во случаите утврдени со закон;

— и други дејности за кои е пропишано дека не може да се вршат со личен труд.

### II. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ СО ЛИЧЕН ТРУД

Член 8

Работниот човек може да основа дуќан, ако:

1) е деловно способен;

2) има стручна подготовка, доколку со закон е предвидено како услов за вршење дејност;

3) е здравствено способен за вршење на соодветната дејност, и

4) деловната просторија ги исполнува условите пропишани за вршење на соодветната дејност.

Член 9

Работниот човек поднесува барање до надлежниот општински орган на управата за утврдување на исполнувањето услови на деловната просторија во поглед на техничката опременост и заштитата при работа, заштитата и унапредувањето на човековата средина и другите услови пропишани со закон.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите од став 1 на овој член е должен да донесе решение во рок од осум дена од денот на добивањето на барањето.

Член 10

Работниот човек за основање дуќан поднесува пријава до општинскиот орган на управата надлежен за работите на соодветната дејност.

Со пријавата работниот човек е должен да поднесе докази за исполнување на условите од член 8 на овој закон.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на соодветната дејност во рок од три дена од добивањето на пријавата донесува решение за упис на дуќанот во регистарот.

Ако општинскиот орган на управата надлежен за работите на соодветната дејност не донесе решение во рокот од став 3 на овој член, ќе се смета дека уписот е извршен и работниот човек може да почне со вршење на дејноста.

Член 11

Решението за упис на дуќанот во регистарот што го води општинскиот орган на управата надлежен за работите на соодветната дејност содржи:

1) име, презиме и адреса на работниот човек;
2) единствен матичен број на граѓаните;
3) дејноста што ќе ја врши; и
4) фирма, седиште и адреса на дуќанот.

Член 12

Дуќанот има фирма која се истакнува на видно место.

Прописите за фирмата што се однесуваат за претпријатијата соодветно се применуваат и на дуќанот.

Член 13

Седиште на дуќанот е местото во кое се наоѓа дуќанот.

Ако дејноста се врши без работна просторија како седиште се смета местото во кое работниот човек има живеалиште.

Член 14

Работниот човек е должен да ја пријави промената на седиштето на дуќанот од едно во друго место во иста општина и да поднесе докази од член 8 точка 4 на овој закон на органот кај кого е регистриран дуќанот.

Член 15

Работниот човек е должен:

1) дејноста да ја врши во согласност со прописите и деловните обичаи;
2) на видно место да истакне ценовник на своите производи, односно услуги;
3) да гарантира за квалитетот на производите, односно услугите, да ги отстрани недостатоците или да ја надомести сторената штета на купувачот на производот, односно корисникот на услугата; и
4) на барање на купувачот да го замени продадениот производ доколку е неисправен или на купувачот да му го врати износот платен за тој производ.

Член 16

Дуќанот престанува со работа и се брише од регистарот:

1) со одјавување;
2) ако на работниот човек му е изречена мерка забрана на вршење дејност поради тоа што не ги исполнува условите за вршење дејност, а во рокот определен за извршување на мерките не ги исполни условите за вршење на таа дејност; и
3) ако со правосилна судска одлука на работниот човек му е изречена мерка на безбедност, односно заштитна мерка забрана на вршење на работата.

Доколку во дуќанот се вршат повеќе дејности, дуќанот може да продолжи со работа со дејноста што не е одјавена, односно забранета.

Член 17

Работниот човек престанува со вршење дејност со личен труд во следниве случаи:

1) со смрт; и
2) со започнување на издржување казна затвор подолго од шест месеци.

Во случаите од став 1 на овој член брачниот другар, децата и еден од родителите кој тој го издржува, можат да продолжат со вршење на дејноста лично или преку вработен работник во дуќанот ако ги исполнуваат условите од член 8 на овој закон.

Член 18

Работниот човек може привремено да запре со работа во случај на:

1) болест — додека трае неспособноста за работа;
2) отслужување и дослужување на воената обврска или вршење друга јавна служба додека трае вршењето на воената обврска или јавната служба;
3) адаптација на деловната просторија или поправка, односно замена на средствата за работа повеќе од два месеци во текот на една година;
4) промена на седиштето повеќе од еден месец во една година;
5) притвор или издржување на казна затвор до шест месеци, односно изречена заштитна мерка со која е забрането вршење дејноста до шест месеци; и
6) немање репроматеријали до три месеци.

Во случаите од став 1 точки 1, 2 и 5 на овој член работниот човек може привремено да го довери вршењето на дејноста на еден од членовите на домаќинството или на вработен работник во дуќанот.

Во случај кога запирањето на вршењето дејност трае помалку од 30 дена, не се смета како привремено запирање.

Работниот човек е должен привременото запирање со работа да го пријави на надлежниот општински орган на управата.

## III. НАДЗОР

Член 19

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон вршат надлежните општински органи на управата, како и други органи овластени со други прописи.

Член 20

Ако просториите, уредите или опремата кои служат за вршење дејност не одговараат на пропишаните услови, надлежниот инспектор ќе донесе решение за отстранување на утврдените недостатоци и ќе определи рок за нивно отстранување.

Ако недостатоците утврдени од став 1 на овој член не се отстранат во определениот рок, надлежниот инспектор ќе донесе решение за забрана на вршењето дејност, додека тие недостатоци не се отстранат.

Во случај на потешка повреда на здравствените и техничките услови поради кои можат да настанат потешки последици по здравјето и животот на луѓето, надлежниот инспектор ќе донесе решение со кое веднаш ќе го забрани вршењето на дејноста додека утврдените недостатоци не се отстранат.

Жалбата против решението од став 3 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

## IV. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Со парична казна од 200.000 до 1.000.000 динари ќе се казни за прекршок работен човек ако:

1) вработи повеќе од 50 односно 10 работници (член 4 ставови 1 и 2);
2) започне со вршење дејност или ги измени условите за нејзиното вршење пред да добие решение за исполнување на условите од член 8 на овој закон; и
3) врши дејност без решение за упис на дејност во регистарот (член 10).

Член 22

Со парична казна од 100.000 до 500.000 динари ќе се казни за прекршок работен човек ако:

1) на видно место не истакне фирма (член 12 став 1), и
2) на видно место не истакне ценовник на своите производи, односно услуги (член 15 став 1 точка 2).

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Нерешените барања поднесени пред влегувањето во сила на овој закон ќе се решаваат според одредбите на овој закон.

Член 24

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за вршење стопански дејности со самостоен личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните („Службен весник на СРМ“ број 30/87 и 50/87), освен одредбите од член 129 до 144 став 1 и од член 145 до 167, што се однесуваат на здружувањето на работните луѓе во задруги и во други облици на здружување.

Член 25

Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги определи дејностите што се вршат во деловна просторија.

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**225.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1593/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на СРМ“ број 45/77, 3/83, 3/85, 42/85, 46/86 и 43/87), во членот 6 по зборот „утврдуваат“ се додаваат зборовите: „видот и степенот на стручното образование и другите“, а зборот „посебните“ се заменува со зборот „посебни“.

Член 2

Во член 8 по став 4 се додава нов став 5 кој гласи:

„Објавениот оглас, односно конкурс не може да се повлече ниту да се вршат измени на условите во огласот, односно конкурсот што се во согласност со условите утврдени во самоуправниот општ акт освен во случаи на започната постапка на статусни промени и стечај“.

Досегашниот став 5 станува став 6.

Член 3

Во член 13 по зборот „ако“ се додаваат зборовите: „е спротивна на закон и самоуправен општ акт или“.

Член 4

Во член 15 став 1 алинеја 3 се брише.

Член 5

Во член 16 став 2 по зборовите „панаѓури“ и сл.)“ се става точка и запирка и се додаваат зборовите: „кога е потребно учество во изготвување на научно-истражувачки проекти, програми и задачи“.

По став 3 се додаваат два нови става 4 и 5 кои гласат:

„Работен однос заснован на определено време за учество во изготвување на научно-истражувачки проекти, програми и задачи може да трае и подолго од шест месеци, односно до завршувањето на проектот, програмата или задачата.

Основната организација е должна да заснова работен однос со невработено лице на определено време за замена на привремено отсутен работник, ако отсуството трае подолго од три месеци“.

Член 6

Членовите 33, 35, 36, 37 и 38 се бришат.

Член 7

Во член 40-а став 3 бројот „36“ се заменува со бројот „32“.

Член 8

Во член 140 став 1 зборовите: „до 100.000“ се заменуваат со зборовите: „од 800.000 до 2.500.000“.

Во алинеја 10 точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: „и ако не заснова работен однос со невработено лице на определено време за замена на привремено отсутен работник, ако отсуството трае подолго од три месеци“.

Во став 2 зборовите: „до 30.000“ се заменуваат со зборовите: „од 200.000 до 300.000“.

Член 9

Во член 141 став 1 зборовите: „до 50.000“ се заменуваат со зборовите: „од 300.000 до 800.000“.

Во став 2 зборовите: „до 15.000“ се заменуваат со зборовите: „од 100.000 до 150.000“.

Член 10

Во член 142 ставови 1 и 2 зборовите: „до 10.000“ се заменуваат со зборовите: „од 200.000 до 300.000“.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**226.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИПРАВНИЦИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за приправниците,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1591/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИПРАВНИЦИТЕ

Член 1

Во Законот за приправниците („Службен весник на СРМ" број 13/78, 42/85, 47/87 и 24/88) во член 7 став 1 по зборот „примаат" се додаваат зборовите: „на неопределено време".

Во став 2 точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „зголемена за непополнетиот одлив на работници со $VI_1$ и $VII_1$ степен на стручна подготовка".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**227.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАЕМОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за заемот за вработување,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1572/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАЕМОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за заемот за вработување („Службен весник на СРМ" бр. 46/86, 24/88 и 51/88), во член 11 по став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„По исклучок од став 2 на овој член, со средствата од заемот може да се учествува до:

— 60% од пресметковната вредност на инвестицијата, доколку обезбедува вработување повеќе од 20% високостручни работници од вкупниот број работници;

— 70% од пресметковната вредност на инвестицијата за формирање на мали организации за развој, унапредување и рационализација на технолошките процеси, маркетинг, консалтинг организации, на мали организации за вршење на интелектуални и уметнички дејности, за создавање научноистражувачко јадро за вработување на високостручни и научно-истражувачки работници, како и за изградба на деловен простор за малото стопанство во општините во општествениот сектор, и

— 70% од пресметковната вредност на инвестицијата за развој на краварството во индивидуалниот сектор."

Досегашните ставови 4 и 5 стануваат ставови 5 и 6.

Член 2

Во член 19, по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Средствата што се формираат на име камата според овој член се користат на начин и под услови како и средствата од заемот".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**228.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1592/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО

Член 1

Во Законот за вработувањето („Службен весник на СРМ" број 32/87), во член 12 став 4 по зборовите: „односно редовен" се додаваат зборовите: „или вонреден".

Член 2

Во член 14 став 1 пред зборот: „студент" се додаваат зборовите: „или вонреден".

Член 3

Во член 15 став 1 точка 2 потточка б) се менува и гласи:

„б) чии приходи од земјоделство за односната година изнесуваат месечно по член на домаќинство кое живее од земјоделство најмногу до 50% од загарантираниот личен доход утврден во Републиката, со тоа што приходот на земјоделското домаќинство се утврдува со валоризација на катастарскиот приход со примена на коефициентот за пресметување на вистинскиот приход за земјоделска дејност".

Член 4

Во член 25 став 1 зборовите: „ако плаќало придонес за вработување" се бришат.

Во ставот 2 зборовите: „може да" и зборот „да" се бришат.

Член 5

Во член 26 став 1 зборовите: „на подрачјето на општината" се заменуваат со зборовите: „во Републиката".

Член 6

Во член 29 се додава нов став 2, кој гласи:

„Заснованието на работен однос на неопределено време во смисла на став 1 на овој член се врши без објавување на конкурс односно оглас, со посредување на заедницата за вработување".

Член 7

По член 29 се додава нов член 29-а, кој гласи:

„Член 29-а

За остварување на правото на старосна пензија на невработеното лице Републичката заедница со самоуправен општ акт ги пропишува условите и начинот на докуп на стаж и отпремнина при одење во пензија".

Член 8

Во член 36 став 2 зборовите: „заедницата за вработување" се заменуваат со зборовите: „Републичката заедница".

Член 9

Во член 46 став 1 зборовите: „и по правило" се заменуваат со зборот „задолжително".

Член 10

Во член 47 по став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„По исклучок, критериумите за приоритет при вработувањето не се применуваат на кандидати од VII₁ степен на стручна подготовка кои имаат посебни дипломи за завршени студии со одличен успех и особени достигнувања во одделни дисциплини на науката, техниката, уметноста или други видови дејности, односно при избор на кандидати во организиран облик на истражувачко развојни дејности и на кандидати за вршење за работи и задачи за кои се врши претходно проверување на работните способности (тестирање, аудиција и сл.), според критериумите и на начин утврдени со самоуправен општ акт на организацијата".

Досегашниот став 5 станува став 6.

Член 11

Во член 55 зборот „работоспособните" се брише, а зборот „членови" се заменува со зборот: „членовите".

Член 12

Во член 78 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Средствата од став 1 на овој член самоуправните интересни заедници од областа на вработувањето можат да ги користат и за остварување на правата при вработување на лица со високо образование заради стекнување на работно искуство за полагање на стручен испит за самостојно вршење на работите, односно работните задачи, под услови и на начин уредени со договор помеѓу самоуправната интересна заедница од областа на вработувањето и основната организација".

Член 13

По член 85 се додава нов член 85-а, кој гласи:

„Член 85-а

Со парична казна од 100.000 динари ќе се казни за прекршок овластениот работник ако не избрише од евиденција или издаде невистинит документ за податоци од евиденцијата за вработување (член 13 став 3 и член 17 став 3)".

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**229.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ И РЕПУБЛИКАТА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за системот на финансирање на општините и Републиката,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седниците на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1571/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ И РЕПУБЛИКАТА

Член 1

Во Законот за системот на финансирање на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" број 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), во член 24 во ставот 2 по зборот „наплатениот" се додава зборот „посебен" и се додава нов став 3 кој гласи:

„На општините целосно им се отстапува наплатениот посебен данок на алкохолни и безалкохолни пијалаци од подрачјето на општината".

Член 2

Во член 25-б став 1 на крајот по зборот „производи" се става запирка и се додаваат зборовите: „освен од наплатениот данок на промет од член 24 став 3 на овој закон".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

---

**230.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1594/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Во Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 42/80, 38/83, 22/85, 42/85, 7/88, 46/86, 14/88, 42/88, и 51/88), во член 16 зборот „периодичната" се заменува со зборот „полугодишната", а зборовите: „завршна сметка" се заменуваат со зборовите: „годишна пресметка" и се додава нов став 2 кој гласи:

„Месечната пресметка на данокот од доход се утврдува во рок од 15 дена во тековниот месец за изминатиот месец".

Член 2

Во член 17 ставовите 2 и 3 се заменуваат со нов став 2 кој гласи:

„Месечниот износ на аконтацијата за тековниот месец се утврдува со примена на пропишаната стапка и тоа за:

— периодот јануари — јуни, според основицата на данокот од доход утврден по годишната пресметка за претходната година, зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период во однос на просечните цени на мало во претходната година;

— периодот јули — декември, според основицата на данокот од доход утврдена по полугодишната пресметка зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период од второто полугодие во однос на просечните цени на мало во првото полугодие".

Досегашните ставови 4 и 5 стануваат ставови 3 и 4.

Член 3

По член 20 се додава нов член 20-а кој гласи:

„Член 20-а

Републичкиот завод за статистика до 10 во месецот го објавува процентот на пораст на цените на мало во Републиката од член 17 став 2 од овој закон".

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

---

**231.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за даноците на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1590/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 12/87, 37/87, 50/87, 7/88, 51/88 и 7/89), во член 58 став 1 точка 6 процентот „10%" се заменува со процентот „12%" и процентот „1%" се заменува со процентот „2%".

Член 2

Во член 69 став 1 процентот „50%", се заменува со процентот „60%".

Член 3

Во член 71 зборовите: „но најмногу до 25% за време до 5 години" се бришат.

Член 4

Во член 77 став 1 точка 3 процентот „10%" се заменува со процентот „12%", а процентот „1%" се заменува со процентот „2%".

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

---

**232.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ПРОСТОРНОТО И УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1573/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМОТ НА ПРОСТОРНОТО И УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на СРМ“ број 38/85), во член 47 по став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Решение за локација за изградба на објекти за потребите на малото стопанство, се издава во рок од 15 дена“.

Член 2

Во член 52 став 2 зборовите: „Не е дозволена изградба на привремени објекти на уреден простор според намената утврдена со урбанистичкиот план“ се бришат.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**233.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ОБЈЕКТИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за изградба на инвестициони објекти,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1589/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ОБЈЕКТИ

Член 1

Во Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ“ број 15/83, 11/87, 20/88), во член 2 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Постапката за издавање одобрение за градење на објекти во сопственост на граѓани е итна. Доколку се исполнети пропишаните услови, одобрението за градба се издава во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето“.

Член 2

Во член 15-в став 2 по алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„намеравани инвестиции за изградба на складишни, резервоарски и силосни капацитети, за чување на стоковни резерви и други објекти наменети за потребите на општонародната одбрана“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**234.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржана на 27 април 1989 година

Бр. 08-1570/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Законот за градежното земјиште („Службен весник на СРМ“ број 10/79 и 17/79) во член 17 став 1 по зборовите „на тоа земјиште, на“ се додава зборот „по“, а по зборот „станбена“ се додаваат зборовите: „односно деловна“.

Член 2

Во членот 41 став 3 по зборот „станот“ запирката се брише и се додаваат зборовите: „и на деловниот простор“, а зборовите до крајот на реченицата се заменуваат со зборовите: „но најмногу до 20% од цената на станот, односно деловниот простор“

Член 3

Во член 42 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Плаќањето на надоместокот од став 1 на овој член може да биде одложено со тоа што 50% од надоместокот се плаќа при добивањето на одобрението за градба, а другите 50% во три еднакви годишни рати“.

Член 4

По член 51 се додава нов член 51-а, кој гласи:

„Член 51-а

Програмите за уредување на градежното земјиште ќе се усогласат со овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**235.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНИТАРНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за санитарната инспекција,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1588/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНИТАРНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за санитарната инспекција („Службен весник на СРМ", број 40/72 и 10/83) во член 8 став 1 зборовите: „со положен стручен испит" се бришат.

Член 2

Во член 32 став 1 броевите: „20.000" и „50.000" се заменуваат со броевите: „200.000" и „1.000.000".

Во став 2 броевите: „1.000" и „5.000" се заменуваат со броевите: „20 000" и „100.000".

Во став 3 броевите: „2.000" и „5.000" се заменуваат со броевите: „20.000" и „100.000".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**236.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1587/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на СРМ" број 35/85, 9/86 и 42/88), во член 3 став 1 се менува и гласи:

„Јавен превоз можат да вршат организациите на здружениот труд и работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд, односно со личен труд и средства во сопственост на граѓаните (во натамошниот текст: превозници), доколку ги исполнуваат условите пропишани со овој закон.".

Член 2

Во насловот на глава втора, зборовите „со моторни возила што ги вршат организациите на здружениот труд", поднасловот „1. Услови за вршење на јавен превоз" и членовите 7 и 8 се бришат.

Редните броеви на поднасловите 2, 3 и 4 стануваат 1, 2 и 3.

Член 3

Во член 10 став 1 се менува и гласи:

„Возниот ред и тарифата ги утврдува превозникот.".

Член 4

Во членовите 14 став 1, 16 став 2, 18 став 1 и 22 став 3 зборовите: „Деловната заедница" се заменуваат со зборовите: „Стопанската комора на Македонија".

Член 5

Во член 17 алинеја 3 се менува и гласи:

„— по барање на нов превозник".

Член 6

Во член 18 став 2, втората реченица се менува и гласи:

„По еден член именуваат републичкиот орган на управата надлежен за работите на патниот сообраќај и Стопанската комора на Македонија и избраните членови".

Член 7

Во член 22 став 2 зборовите: „кои немаат карактер на јавен градски и приградски сообраќај" се бришат.

Член 8

Во член 22 став 2 и член 40 став 5 зборовите: „Републичкиот комитет за сообраќај и врски" се заменуваат со зборовите: „републичкиот орган на управата надлежен за работите на патниот сообраќај".

Член 9

Во членовите 23 став 3, 39 ставови 1 и 2 и член 41 зборовите: „Организациите на здружениот труд" се заменуваат со зборот: „Превозниците".

Член 10

Во член 43 зборовите: „Организацијата на здружениот труд" се заменуваат со зборот: „Превозникот".

Член 11

Во член 46 став 1 точките 1, 2 и 3 се бришат. Точките 4 до 13 стануваат точки 1 до 10.

Член 12

Во член 51 став 5 се брише.

Член 13

Член 53 се брише.

Член 14

Во член 131 став 1 точка 8 се брише.

Член 15

Во член 133 став 1 точка 4 се брише. Точките 5 до 13 стануваат точки 4 до 12.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**237.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1586/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 18/83, 4/87 и 4/89), во член 11 став 1 по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:

„5) Здравствените работници со високо образование кои се здобиваат со работно искуство за полагање на стручен испит“.

Член 2

Во член 15 став 2 бројот „1,33“ се заменува со бројот „0,50“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**238.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОВИТЕ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕЗЕРВИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за фондовите за заеднички резерви,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1585/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОНДОВИТЕ ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за фондовите за заеднички резерви („Службен весник на СРМ“ број 41/78, 10/85 и 14/88) во член 14 став 3 процентот „80%“ се заменува со процентот „95%“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**239.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАСОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРИХОДИТЕ ОД ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за насочување на дел од приходите од данокот на промет за потребите на стопанството,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1584/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАСОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРИХОДИТЕ ОД ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТОПАНСТВОТО

Во Законот за насочување на дел од приходите од данокот на промет за потребите на стопанството („Службен весник на СРМ“ бр. 10/88 и 20/88), во член 1, во точка 1) стапката „42.1%“ се заменува со стапката „71,5%“.

Точка 2) се брише.

Во точка 3) стапката „6,7%“ се заменува со стапката „11,3%“.

Во точка 4) стапката „4,5%“ се заменува со стапката „7,7%“.

Во точка 5) стапката „3,9%“ се заменува со стапката „6,6%“.

Во точка 6) стапката „1,7%“ се заменува со стапката „2,9%“.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**240.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ

Се прогласува Законот за престанување на важење на Законот за деловните згради и деловните простории,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седниците на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините одржани на 27 април 1989 година.

Бр. 08-1574/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ

Член 1

Законот за деловните згради и деловните простории („Службен весник на СРМ" број 36/75, 41/75 и 40/87) престанува да важи.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**241.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за насоченото образование,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година и на седницата на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница на образованието, одржана на 4 мај 1989 година.

Бр. 08-1714/1
4 мај 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86 и 7/88), во член 151 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Научно-истражувачката и воспитно-образовната работа во високото образование може да ја остваруваат и стручни соработници на определено време.".

Досегашните ставови 2, 3, 4 и 5 стануваат 3, 4, 5 и 6.

Член 2

Во член 158 по став 4 се додава нов став 5 кој гласи:

„За стручен соработник на определено време може да биде избран кандидат кој има завршено соодветно високо образование и покажува способност за научна работа.".

Член 3

Во член 168 по зборот „звања" се брише запирката и се додаваат зборовите: „и за избор на стручни соработници".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**242.**

Врз основа на Амандман XXI, точка 1 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 24 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 28 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

Јездимир Богдански се избира за претседател на Претседателството на СРМ за наредниот период од една година.

II

Оваа одлука влегува во сила на 28 април 1989 година кога истекнува претходниот мандат од една година.

III

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-450
28 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

**243.**

Врз основа на член 139 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ НА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ ОД ПОШИРОК ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС

1. Се усвојува Општествениот договор за остварување на програми на Радио-телевизија Скопје од поширок општествен интерес.

2. Се овластува Петар Карајанов, претседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, од името на Собранието да го потпише Општествениот договор во предложениот текст.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1581/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

244.

Врз основа на член 338 став 1 алинеја 5, а согласно со точка 1 став 2 од Амандманот V на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од функцијата член на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, д-р Срѓан Ќерим, поради избор на друга функција во Сојузниот извршен совет.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1598/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р

245.

Врз основа на член 338 став 1 алинеја 5, а согласно со точка 1 став 2 од Амандманот V на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од функцијата член на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, д-р Владо Камбовски, поради избор за член на Сојузниот извршен совет и секретар на Сојузниот секретаријат за правосудство.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1597/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

246.

Врз основа на точка 1 став 1 на Амандманот VI од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Се разрешува од функцијата претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници д-р Владо Камбовски, поради избор за член на Сојузниот извршен совет.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1599/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

247.

Врз основа на точка 1 став 2 од Амандманот V на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За членови на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, се избираат:

м-р Борис Рикаловски, досегашен член на Сојузниот извршен совет, и

д-р Јанко Обочки, досегашен член на Сојузниот извршен совет.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1601/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р

248.

Врз основа на Амандман IV од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со член 98 став 2 од Законот за работните односи („Службен весник на СРМ“ број 45/77, 3/83 и 46/86), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од функцијата член на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, академик Матеја Матевски, по лично барање, поради исполнување на услови за пензија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1596/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р

249.

Врз основа на член 172 од Законот за државната управа и член 147 од Деловникот на Собранието на СР Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ИНДУСТРИЈА И ЕНЕРГЕТИКА

За заменик на претседателот на Републичкиот комитет за индустрија и енергетика се именува Петруш Стефанов, помошник на претседателот на Републичкиот комитет за индустрија и енергетика.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1604/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р

**250.**

Врз основа на точка 1 став 1 од Амандманот VI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

За претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници се именува д-р Тито Беличанец, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1603/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

---

**251.**

Врз основа на точка 1 став 1 од Амандманот VI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 1 од Законот за определување на републички секретари и други функционери што раководат со републички органи на управата и со републички организации кои се именуваат од редот на членовите на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 13/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАР И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ

1. За републички секретар за односи со странство се именува
м-р Борис Рикаловски, досегашен член на Сојузниот извршен совет.
2. За претседател на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика се именува
д-р Јанко Обочки, досегашен член на Сојузниот извршен совет.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1602/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

---

**252.**

Врз основа на член 338 став 1 алинеја 7 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ТРУД, ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Се разрешува од должноста претседател на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика, д-р Тито Беличанец, поради именување на друга функција.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1600/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

---

**253.**

Врз основа на член 338 алинеја 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со член 142 став 3 и член 143 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА НАДВОРЕШНО-ПОЛИТИЧКИ ПРАШАЊА И ОДНОСИ СО СТРАНСТВО НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

Се разрешуваат од функцијата членови на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство на Собранието на СР Македонија, поради заминување на други должности:
Јован Панајотовиќ,
Боге Сотировски и
Петруш Гаврилов.

За членови на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство на Собранието на СР Македонија, се избираат:
Кирил Серафимов, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ,
Доше Котевски, потпретседател на Стопанската комора на Македонија и
Поликсена Гавровска, претставник на РК ССРНМ, професор на Правниот факултет — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1609/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

---

**254.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“, број 50/88), а во врска со член 53, став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за користење на средствата од Постојаната резерва на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 49/88), донесена од Извршниот совет на Собранието на СР Македонија под број 23-2651/1, од 19 декември 1988 година, во точка 2 по зборот „година“ се става запирка и се додаваат зборовите: „освен Собранието на општината Кратово, кое позајмицата ќе ја врати до 30 јуни 1989 година“.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-250/5
20 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**255.**

Врз основа на член 78 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 11/87 и 24/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО БИТОЛА

За судија на Окружниот стопански суд во Битола се избира Коста Споа, секретар на Собранието на општина Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1606/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**256.**

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ОКРУЖЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО СКОПЈЕ

За окружен јавен обвинител во Скопје, се именува Глигор Серафимовски, општински јавен обвинител во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1605/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**257.**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 41/75, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОСТОЈАН СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО СКОПЈЕ

Се разрешува од должноста постојан судија на Основниот суд на здружениот труд во Скопје Александар Јанчевски, поради именување на друга должност.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1608/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**258.**

Врз основа на член 338 алинеја 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со членовите 142 и 143 од Деловникот на Собранието на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

I

За претседател и членови на Комисијата за заштита на човековата околина се избираат:

а) за претседател — Томислав Папеш, делегат во ОПС;

б) за членови:
м-р Елена Михајлова, делегат во СО;
Климент Чакаров, делегат во СЗТ;
Илчо Митев, делегат во СЗТ;
Јаким Јовановски, делегат во СЗТ;
Ристо Дафев, делегат во СЗТ;
Блаже Петковски, делегат во СЗТ;
Идриз Синани, делегат во СЗТ;
Глигор Тилиевски, делегат во СЗТ;
Јане Ангеловски, делегат во СО;
Страшо Милковски, делегат во СО;
Љубен Добревски, делегат во СО;
Боголјуб Јовев, делегат во СО;
Зоран Димитриевски, делегат во ОПС;
Ѓорѓи Иванов, делегат во ОПС;
Ѓулистана Јумеровски, делегат во ОПС и
Ѓорѓи Анџиевски, делегат во ОПС.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1610/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**259.**

Врз основа на член 17 став 2 од Законот на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краищта („Службен весник на СРМ“ број 48/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ЗА 1988 ГОДИНА

Се одобрува Завршната сметка на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за 1988 година што ја донесе Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта на седницата одржана на 15 март 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1583/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**260.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ“ број 48/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ЗА 1989 ГОДИНА

Се дава согласност на Финансискиот план на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за 1989 година, што го донесе Управниот одбор на републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта на седницата одржана на 15 март 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1582/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**261.**

Врз основа на член 139 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ТВОРЕШТВОТО ВО СР МАКЕДОНИЈА

Се усвојува Општествениот договор за поттикнување и вреднување на творештвото во СР Македонија.

Се овластува Елица Донева, потпретседател на Собранието на СРМ, од името на Собранието на СРМ да го потпише Општествениот договор.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1580/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**262.**

Врз основа на член 145 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, член 606 став 1 точките 1 и 8 од Законот за здружениот труд и член 14 од Законот за привремените мерки на општествена заштита на самоуправните права и општествената сопственост („Службен весник на СРМ“ број 22/85), а по предлог на Комисијата за утврдување услови утврдени со закон за преземање на привремени мерки на општествена заштита на самоуправните права и општествената сопственост спрема Работната организација Студентски центар „Скопје“ — Скопје, како и мислењето на Советот на Сојузот на синдикатите на општина Центар, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ НА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА САМОУПРАВНИТЕ ПРАВА И ОПШТЕСТВЕНАТА СОПСТВЕНОСТ СПРЕМА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ

1. Спрема Работната организација Студентски центар „Скопје“ — Скопје, се презема следната привремена мерка:

— Се сменува од должност директорот на Работната организација Студентски центар „Скопје“ — Скопје, Никола Глигоровски.

Мерката се презема заради тоа што директорот Никола Глигоровски не успеал да ја организира и координира работата во Центарот, не покажал иницијатива во водењето на деловната политика, не го усогласувал и обезбедувал единството во процесот на работењето, не преземал активности за утврдување на одговорноста на носителите на негативните појави за санирање на настанатите проблеми и слабости, како и не ја почитувал законитоста во работењето. На тој начин суштествено се нарушени самоуправните односи и заштитата на општествената сопственост во смисла на член 603 став 1 точките 1, 5, 6 и 9 и член 604 став 1 точка 3 од Законот за здружениот труд.

2. Се именува привремен одбор од претседател и два члена и тоа:

за претседател: проф. д-р Александар Димовски;

за членови: Добривое Целевски и Ѓорѓи Гашевски.

Привремениот одбор ќе ги врши функциите на индивидуален работоводен орган.

3. Претседателот и членовите на привремениот одбор, за вршењето на функцијата ќе примаат награда од Републичката самоуправна интересна заедница на насоченото образование преку Студентскиот центар „Скопје“ — Скопје.

4. Се задолжува работната организација Студентски центар „Скопје“ — Скопје во рок од 60 дена од денот на донесувањето на оваа одлука да распише конкурс за именување на нов работоводен орган.

5. Пријава за упис на привремените мерки во судскиот регистар ќе поднесе претседателот на привремениот одбор.

Во судскиот регистар се запишува и престанокот на привремените мерки.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1579/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**263.**

Врз основа на член 145 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, член 606 став 1 точки 1, 2, 3 и 8 од Законот за здружениот труд и член 14 од Законот за привремените мерки на општествена заштита на самоуправните права на општествената сопственост („Службен весник на СРМ“ број 22/85), а по предлог на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето за преземање на привремени мерки на општествена заштита на самоуправните права на општествената сопственост спрема Основната организација на здружениот труд РЕК „Битола — Суводол“ — Битола во состав РО „Електростопанство на Македонија“ — Скопје, ка-

ко и мислењата на надлежните субјекти, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ НА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА САМОУПРАВНИТЕ ПРАВА И ОПШТЕСТВЕНАТА СОПСТВЕНОСТ СПРЕМА ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД РЕК „БИТОЛА — СУВОДОЛ“ БИТОЛА ВО СОСТАВ РО „ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА“ — СКОПЈЕ

1. Спрема Основната организација на здружениот труд РЕК „Битола — Суводол“ — Битола во состав на РО „Електростопанство на Македонија“ — Скопје, се преземаат следниве привремени мерки:

— се сменува вршителот на должноста директор на ООЗТ Александар Гроздановски,

— се сменуваат работниците со посебни овластувања и одговорности:

а) Санде Дуковски, вршител на должноста заменик на индивидуалниот работоводен орган на ОЗТ;

б) Илија Алтипармаков, вршител на должноста помошник на индивидуалниот работоводен орган на ОЗТ;

в) Илија Дојчиновски, вршител на должноста директор на производната единица Термоелектрани „Битола“; и

г) Томе Секуловски, вршител на должноста технички директор на производната единица Термоелектрани „Битола“, и

— се распушта Работничкиот совет на ООЗТ.

Вршителот на должноста индивидуален работоводен орган е одговорен што во рамките на овластувањата утврдени со Законот и Статутот не ги презел сите потребни мерки за да се спречи загрозувањето и оштетувањето на општествената сопственост дури и по известувањата и укажувањата на работните организации и надлежните републички органи.

Во оваа смисла одговорност сносат и работниците со посебни овластувања и одговорности како раководители на одделни процеси на трудот кои не ги извршувале своите работни задачи согласно со обврските што произлегуваат од Статутот и другите самоуправни општи акти

Работничкиот совет е одговорен што не презел потребни активности и мерки во смисла на разгледувањето на присутните состојби во производството на електрична енергија, иницирање постапка за утврдување на одговорноста на работниците со посебни овластувања и одговорности, како и на другите работници во извршувањата на редовните работни задачи, особено по укажувањата за состојбата и режимот на работа на електрофилтрите на Термоелектраните, како и на можните штетни последици.

2. Се именува привремен одбор од претседател и четири члена и тоа:

За претседател Јован Андонов, помошник на генералниот директор за технички прашања во СОЗТ „ОХИС“ — Скопје.

За членови: Никола Спасовски, директор на ООЗТ „Енергетика“ при Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје,

Борис Рутевски, делегат во Соборот на здружениот труд,

м-р Панде Лазаров, директор на ООЗТ Рудник „Суводол“ — РО РЕК „Битола“ — Битола, и

Методија Шиклески, шеф на Комерцијалната служба во РО „Битола“ — РЗ заеднички служби.

Привремениот одбор ќе ги врши функциите на директор на ООЗТ, на работниците со посебни овластувања и одговорности и на Работничкиот совет на ООЗТ, за време до 12 месеци.

3. Претседателот и членовите на привремениот одбор, за вршењето на функциите, ќе примаат награда и тоа:

— на претседателот на привремениот одбор Јован Андонов, како основица за пресметување на личниот доход му се утврдува износ од 6.770.000 динари, со тоа што ќе ги следи сите натамошни зголемувања;

— на членот на Одборот Никола Спасовски, како основица за пресметување на личниот доход му се утврдува износ од 6.190.000 динари, со тоа што ќе ги следи сите натамошни зголемувања;

— На членовите на Одборот Борис Рутевски, Панде Лазаров и Методија Шиклески како основица за пресметување на личниот доход им се утврдува износ од 3.470.000 динари.

На Јован Андонов и Никола Спасовски ќе им се исплатуваат и надоместоци за одвоен живот и за патни трошоци на начин утврден според Општествениот договор за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и на другите примања и надоместоци на функционерите во републичките органи и органите на општествено-политичките организации во Републиката.

4. Спроведувањето на изборите за членови на Работничкиот совет и распишувањето на конкурс за избор на директор и за работници со посебни овластувања и одговорности ќе се извршат во рамките утврдени со закон, а пред истекот на времето определено во точка 2 став 2 од оваа одлука.

5. Самоуправните општи акти на ООЗТ РЕК „Битола“ — Битола да се усогласат и да се донесат во рок од шест месеци од донесувањето на оваа одлука.

6. Се задолжува привремениот одбор во рок од 30 дена од донесувањето на оваа одлука да донесе Програма на мерки за отстранување на причините поради кои се преземени привремените мерки и да ја достави до Собранието на СРМ на согласност.

7. Надзорот над спроведувањето на Програмата од точка 6 ќе го врши Републичкиот комитет за индустрија и енергетика и ќе го известува Собранието на СРМ за нејзиното спроведување.

8. Пријава за упис на привремените мерки во судскиот регистар ќе поднесе привремениот одбор.

Во судскиот регистар се запишува и престанокот на привремените мерки.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1578/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

---

**264.**

Врз основа на член 145 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, член 606 став 1 точки 1, 3, 5 и 8 од Законот за здружениот труд и член 14 од Законот за привремените мерки на општествена заштита на самоуправните права и општествената сопственост („Службен весник на СРМ“ број 22/85), а по предлог на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето за преземање на привремени мерки на општествена заштита на самоуправните права и општествената сопственост спрема Работната организација Институт за фолклор „Марко Цепенков“ — Скопје, како и мислењето на надлежните субјекти, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ НА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА САМОУПРАВНИТЕ ПРАВА И ОПШТЕСТВЕНАТА СОПСТВЕНОСТ СПРЕМА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ СКОПЈЕ

1. Спрема Работната организација Институт за фолклор „Марко Цепенков“ — Скопје, се преземаат следниве привремени мерки:

— се сменува вршителот на должноста индивидуален работоводен орган во Работната организација Танас Вражиновски;

— се распушта Работничкиот совет;

— се распушта Одборот на самоуправната работничка контрола

Мерките се преземаат заради тоа што согласно со член 603 став 1 точка 1 не се остваруваат правата на работниците во Работната организација да одлучуваат за утврдување и распоредување на чистиот доход и распределба на средствата за личните доходи и заедничка потрошувачка на работниците.

Исто така, во оваа Работна организација во рокот определен со Закон не е извршено именување на индивидуалниот работоводен орган што е причина во организацијата да се создаваат нездрави меѓучовечки односи кои негативно влијаат врз остварувањето на основната дејност, што доведува до натамошно продлабочување и заострување на односите што се одразува на развојот на оваа институција.

Во Институтот постојат повеќе слабости во однос на нормативно правното уредување на односите и нивната реализација во практиката, а особено во поглед на усогласувањето на Статутот со Законот за научно-истражувачката дејност, постапувањето според подзаконските акти, водењето на досијата за избор во научни и соработнички звања (рецензии, одлуки, лични документи и др.). И покрај писмените и усните укажувања од страна на надлежните органи овие слабости не се отстранети.

2. За привремен управник во Работната организација Институт за фолклор „Марко Цепенков“ — Скопје се именува Васил Тоциновски, новинар во Радио — Скопје.

Привремениот управник ќе ги врши функциите на органот на управување, органот на самоуправната работничка контрола и раководни работи за време од дванаесет месеци.

3. Привремениот управник за вршењето на функцијата ќе прима личен доход според Правилникот за распределба на личните доходи на работниците, за работи и работни задачи предвидени за директор

4. Спроведувањето на изборите за членови на Работнички совет, органот на самоуправната работничка контрола и распишувањето конкурс за работоводен орган ќе се извршат во рамките утврдени со закон, а пред истекот на времето определено во точка 2 став 2 од оваа одлука.

5. Самоуправните општи акти на Институтот за фолклор да се усогласат со Законот за научно-истражувачката дејност и другите прописи во рок од шест месеци од донесувањето на оваа одлука.

6. Се задолжува привремениот управник во рок од 30 дена, од донесувањето на оваа одлука, да донесе Програма на мерки за отстранување на причините поради кои се преземени привремените мерки и да ја достави до Собранието на СРМ на согласност.

7. Надзорот над спроведувањето на Програмата од точка 6 ќе го врши Републичкиот комитет за наука, технолошки развој и информатика и ќе го известува Собранието на СРМ за нејзиното спроведување.

8. Пријава за упис на привремените мерки во судскиот регистар ќе поднесе привремениот управник.

Во судскиот регистар се запишува и престанокот на привремените мерки.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1577/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**265.**

Врз основа на член 90 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РО РАФИНЕРИЈА НА НАФТА „СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на РО Рафинерија на нафта „Скопје“ — Скопје, што се однесуваат на дејноста, донесување на плановите и програмите за работа и развој, на основните намени на користењето на средствата, начинот на одлучување на претставниците на општествената заедница и начинот на именување на генерален директор, што го донесоа работниците на референдумот одржан на 14 и 15 септември 1988 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1576/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**266.**

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ КЛИНИКА ЗА НЕРВНИ И ДУШЕВНИ БОЛЕСТИ ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за нервни и душевни болести при Медицинскиот факултет во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Милка Ристова,

д-р Стево Стровјаноски, и

Ангеле Божиновски.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за нервни и душевни болести при Медицинскиот факултет во Скопје, се именуваат:

д-р Стојанчо Јанков, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, вработен во здравствениот дом во Неготино,

Кољо Најденов, секретар на ОК на ССРНМ „Чаир“ — Скопје, и

Зоран Димитриевиќ, член на Претседателството на Сојузот на здружението на борците.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1628/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

267.

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 28/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Правниот факултет во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Славчо К'чев, и

Никола Огненовски.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Правниот факултет во Скопје, се именуваат:

Љубомир Поповски, извршен секретар на Претседателството на ГК на СКМ — Скопје, и

Мирјана Гошева, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1633/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

268.

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешува од функцијата претставник на општествената заедница во Советот на Филолошкиот факултет во Скопје

Живко Новески, поради истек на времето за кое е именуван.

2. За претставник на општествената заедница во Советот на Филолошкиот факултет во Скопје, се именува

Панде Андреевски, член на Претседателството на ГК на ССРН — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1632/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

269.

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

1. Се разрешува од функцијата претставник на општествената заедница во Советот на Филозофскиот факултет во Скопје

Ратка Бакалиноска, поради истек на времето за кое е именувана.

2. За претставник на општествената заедница во Советот на Филозофскиот факултет во Скопје, се именува

Бранкица Арсениевска — Темелковска, извршен секретар на Претседателството на ОК на СКМ „Центар“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1631/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

270.

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА — БИТОЛА

Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Педагошката академија во Битола, поради истек на времето за кое се именувани:

Данчо Србиновски и

Петре Чешелковски.

За претставници на општествената заедница во Советот на Педагошката академија во Битола, се именуваат:

Димитар Јанкуловски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, општествено-политички работник во ОК на СКМ — Битола и

Александар Ивановски, секретар на ОК ССРНМ — Охрид.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1634/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

271.

Врз основа на член 164 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ број 10/83, 43/85 и 50/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА МЕДИЦИНСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Заводот за медицинска рехабилитација на СРМ, поради истек на времето за кое се именувани:

Благоја Поповски,

Таше Попташев, и

д-р Александар Спиров.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Заводот за медицинска рехабилитација на СРМ, се именуваат:

Ванчо Чучевски, виши советник во Собранието на СРМ,

Дрита Исљами, секретар на Општинскиот совет на ССМ „Чаир“ — Скопје, и

Бранко Чадиковски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ (вработен во Заедницата за здравство и здравствено осигурување на град Скопје).

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1629/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**272.**

Врз основа на член 62 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МЛАДИНЦИ СО ОШТЕТЕН СЛУХ „25 МАЈ“ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Центарот за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај“ — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

— Виолета Јованова, и

— Душан Пересжи.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Центарот за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај“ — Скопје, се именуваат:

Душан Пересжи, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, директор на ОУ „Дане Крапчев“ — Скопје,

Велимир Ивановски, стручно политички работник во Советот на ССМ, и

Домница Минчева, самостоен советник за општествени дејности во Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1627/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**273.**

Врз основа на член 89 став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА ООЗТ „ЕЛЕКТРО-МАКЕДОНИЈА“ — СКОПЈЕ

За претставници на општествената заедница во Работничкиот совет на ООЗТ „Електро-Македонија“ — Скопје, се именуваат:

Зоран Димитриевски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

Урош Андреевски, член на Сојузната конференција на ССРНЈ, претседател на Секцијата за стопанство, и

д-р Владо Стаменков, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1623/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**274.**

Врз основа на член 89 став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА ООЗТ ЕЛЕКТРОПРЕНОС — СКОПЈЕ

За претставници на општествената заедница во Работничкиот совет на ООЗТ Електропренос — Скопје, се именуваат:

Коле Спасовски, директор на Енергетика при Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје,

Јован Андонов, заменик на генералниот директор на СОЗТ „Охис“ — Скопје, и

Радмила Мадевска, член на Советот на ССМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1622/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**275.**

Врз основа на член 89 став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА РО „ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА“ — СКОПЈЕ

За претставници на општествената заедница во Работничкиот совет на РО „Електростопанство на Македонија“ — Скопје, се именуваат:

Благоја Станоевски, секретар на Претседателството на Советот на ССМ:

Цветко Милошевски, делегат во СЗТ на Собранието на СРМ, претседател на Одборот за стопанство на Соборот, и

д-р Илија Черепналковски, редовен професор на Машинскиот факултет — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1615/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**276.**

Врз основа на член 3 став 3 и член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН ВО ООЗТ — ХЕЦ „ШПИЉЕ“ — ДЕБАР**

За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во ООЗТ ХЕЦ „Шпиље“ — Дебар, се именуваат:

Томе Дракулевски, претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ и

Крсте Тодоровски, претседател на Извршниот совет на Собранието на општина Дебар.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1656/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**277.**

Врз основа на член 3 став 3 и член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН ВО ООЗТ ХЕЦ „ТИТО“ — ГОСТИВАР**

За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во ООЗТ ХЕЦ „Тито“ — Гостивар, се именуваат:

Блаже Петковски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ вработен во РО „Водовод“ — Гостивар и

Драги Бошковски, секретар на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1655/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**278.**

Врз основа на член 89 став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 27 април 1989 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА ООЗТ ХЕЦ „ТИКВЕШ“ — КАВАДАРЦИ**

За претставници на општествената заедница во Работничкиот совет на ООЗТ ХЕЦ „Тиквеш“ — Кавадарци, се именуваат:

Александар Тренески, член на Претседателството на ССРНМ,

Ѓорѓи Манчески, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, и

Димо Јанчески — Бодри, член на Советот на Републиката.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1619/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**279.**

Врз основа на член 89 став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА ООЗТ ТЕЦ „НЕГОТИНО“ — НЕГОТИНО**

За претставници на општествената заедница во Работничкиот совет на ООЗТ ТЕЦ „Неготино“ — Неготино, се именуваат:

д-р Милан Камчев, директор на Медицинскиот центар — Кавадарци,

д-р Костадин Димитровски, проф. на Машинскиот факултет — Скопје, и

д-р Бобек Шуклев, член на Претседателството на СС на Југославија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1620/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**280.**

Врз основа на член 89 став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА ООЗТ РЕК „ОСЛОМЕЈ“ С. ОСЛОМЕЈ — КИЧЕВО**

За претставници на општествената заедница во Работничкиот совет на ООЗТ РЕК „Осломеј“ с. Осломеј — Кичево, се именуваат:

Софе Димитриевски, пензионер од Битола,

Вехби Азири, од Кичево, и

Стојан Стојанов, секретар на Општинскиот совет на ССМ — Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1621/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**281.**

Врз основа на член 89 став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА ООЗТ ХЕЦ „ГЛОБОЧИЦА“ — СТРУГА

За претставници на општествената заедница во Работничкиот совет на ООЗТ ХЕЦ „Глобочица“ — Струга, се именуваат:

Милован Шиковски, секретар на Собранието на СРМ,

Сашо Генчев, вработен во МЗ „ТИТО“ ООЗТ „Пумпи“ — Скопје, и

Марку Менду, член на Претседателството на Советот на ССМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1618/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**282.**

Врз основа на член 89 став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ на ОЗТ ХЕЦ „ШПИЉЕ“ — ДЕБАР

За претставници на општествената заедница во Работничкиот совет на ОЗТ „Шпиље“ — Дебар, се именуваат:

Гоце Трајановски, претседател на Општинскиот синдикален совет — Струга,

Петрит Муча, претседател на СЗБ — Дебар и

Илија Јовчевски, потсекретар во Извршниот совет на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1617/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**283.**

Врз основа на член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Економскиот институт — Скопје, се именуваат:

Иван Гиновски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СР Македонија и

м-р Јован Пејковски, советник во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СР Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1641/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**284.**

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Републичкиот завод за трансфузиологија се именуваат:

Сокол Симовски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ и

Благоја Станоевски, секретар на Советот на Претседателството на ССМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1642/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**285.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за физичка култура во Скопје, се именуваат:

Душко Груевски, член на Секцијата за физичка култура при РК на ССРНМ, вработен во Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје и

Русе Нелковски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1646/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

286.

Врз основа на член 89 став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА ООЗТ ХЕЦ „ТИТО“ — ГОСТИВАР

За претставници на општествената заедница во Работничкиот совет на ООЗТ ХЕЦ „Тито“ Гостивар, се именуваат:

Крсте Тодоровски, претседател на Извршниот совет на Собранието на општина Дебар,

Блажо Ристоманов, член на Советот на Републиката, и

инж. Слободан Угриновски, директор на Мелиопроект — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1616/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

287.

Врз основа на член 3 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ООЗТ ТЕЦ „НЕГОТИНО“ — НЕГОТИНО

За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на ООЗТ ТЕЦ „Неготино“ — Неготино, се именуваат:

м-р Илија Насов, член на ЦК на СКМ директор на Секторот за производство на Ф-ката „9 Мај“ — Неготино,

Драги Бошковски, секретар на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1625/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

288.

Врз основа на член 89 став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на СРМ“ број 41/87 и 42/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО РАБОТНИЧКИОТ СОВЕТ НА ООЗТ „ЕЛЕКТРО-СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ

За претставници на општествената заедница во Работничкиот совет на „Електро-Скопје“ — Скопје, се именуваат:

Мирослава Кирјанова, член на Претседателството на ССМ,

инж. Благоја Филиповски, секретар на ГК на ССРНМ, и

Сребре Каранфиловски, вработен во „ОХИС“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1624/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

289.

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА РО „МАКЕДОНИЈА ФИЛМ“ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на РО „Македонија филм“ — Скопје, се именуваат:

Кирил Алексовски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, и

Мира Николовска, секретар на Соборот на општините на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1626/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

290.

Врз основа на член 12 ставови 3 и 4 од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“ број 40/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „МИТО ХАЏИ-ВАСИЛЕВ — ЈАСМИН“

1. Се разрешуваат од функцијата претседател и членови на Одборот за доделување на наградата „Мито Хаџи-Василев — Јасмин“, поради истек на времето за кое се именувани:

а) претседателот
д-р Агис Шајноски,
б) членовите:
Душко Апостоловски,
Јордан Радевски,
Реџеп Златку,
д-р Орде Ивановски,
Бошко Нацевски,
Живко Новевски,
д-р Никола Узунов,
Свето Василевски,
Ристо Лазаров,
Драги Аргировски,
Каролина Чукалиева, и
Зоран Крстевски.

2. За претседател и членови на Одборот за доделување на наградата „Мито Хаџи Василев Јасмин“, се именуваат:

а) за претседател

Петар Карајанов, претседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

б) за членови:

Сталин Лозановски, претседател на Комисијата за информирање на Претседателството на СССМ,

Дрита Карахасан, главен и одговорен уредник на весникот „Бирлик“,

Мирче Томовски, извршен секретар на Претседателството на ЦК на СКМ,

д-р Манол Пандевски, член на Македонската академија на науките и уметностите,

Вјекослав Прокопенко, директор на Радио Скопје,

Димче Савевски, член на Претседателството на СЗБ од НОВ на Македонија,

Свето Серафимов, новинар во НИПРО „Нова Македонија“,

д-р Методија Стојков, директор на Марксистичкиот центар „Мито Хаџи Василев — Јасмин“,

Цветко Цветковски, член на Претседателството на РК на ССРНМ,

Каролина Чукалиева, член на Конференцијата на ССММ,

Хисен Шакири, уредник во Радио-телевизија Скопје, и

Манчо Митевски, директор и главен и одговорен уредник во Редакцијата „Комунист“ за Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1611/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**291.**

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за заштита на националните паркови („Службен весник на СРМ“ број 33/80), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ОЗТ НАЦИОНАЛЕН ПАРК „ГАЛИЧИЦА“ — ОХРИД

Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на ОЗТ Национален парк „Галичица“ — Охрид, поради истек на времето за кое се именувани:

Јане Ангеловски,

Ѓорѓи Вретовски, и

Зоран Димитровски.

За претставници на општествената заедница во Советот на ОЗТ Национален парк „Галичица“ — Охрид се именуваат:

Јане Ангеловски, делегат од Охрид во Соборот на општините на Собранието на СРМ, член на Одборот за урбанизам и станбено-комунални прашања,

д-р Милчо Точко, дипл. биолог, поранешен директор на Хидробиолошкиот завод — Охрид и

Пантелеј Митков, дипл. инж. арх. вработен во Институтот за просторно планирање — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1638/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**292.**

Врз основа на член 257 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување декан на Филозофскиот факултет — Скопје, се именуваат:

Предраг Кушевски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

Јован Јосифовски, советник во Законодавно-правната комисија во Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1653/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**293.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување декан на Филолошкиот факултет во Скопје, се именуваат:

Александар Спасовски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

Викторија Јовановска, советник во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1644/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**294.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ — СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување декан на Факултетот за драмски уметности — Скопје, се именуваат:

Светлана Топузовска, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, професор во ОУ „29 Ноември" — Скопје и

Драган Николовски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1645/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**295.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА ВО СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување директор на Педагошката академија во Скопје, се именуваат:

Кирил Андоновски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ и

Чедомир Стојковски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1643/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**296.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување декан на Природно-математичкиот факултет во Скопје, се именуваат:

Санде Треневски, извршен секретар на Претседателството на ГК СКМ — Скопје и

Димитар Велков, секретар на Комисијата за претставки и предлози на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1640/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**297.**

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за заштита на националните паркови („Службен весник на СРМ" број 33/80), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ОЗТ НАЦИОНАЛЕН ПАРК „МАВРОВО" — МАВРОВИ АНОВИ

Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на ОЗТ Национален парк „Маврово" — Маврови Анови, поради истек на времето за кое се именувани:

Ѓорѓи Пупаковски,
Василка Петковиќ и
Диме Мојсовски.

За претставници на општествената заедница во Советот на ОЗТ Национален парк „Маврово" — Маврови Анови се именуваат:

Стефан Лазаревски, пензионер,
Симон Дракул, писател и
Ангеле Ристовски, директор на „Жито Македонија" — Гостивар.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1639/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**298.**

Врз основа на член 3 од Законот за унапредување на ликовната уметност („Службен лист на СФРЈ" број 35/72), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБИРАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ „МОША ПИЈАДЕ"

1. Се разрешуваат од функцијата членови на Управниот одбор на Фондот за унапредување на ликовната уметност „Моша Пијаде", поради истек на времето за кое се именувани:

Трајче Николовски и
Боро Митриќески.

2. За членови на Управниот одбор на Фондот за унапредување на ликовната уметност „Моша Пијаде" се именуваат:

Ана Темкова, академски сликар, професор на Факултетот за ликовни уметности — Скопје, и
Бранко Коневски, академски вајар.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1612/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**299.**

Врз основа на член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје се именуваат:

Душко Апостоловски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

Кире Михајловски, секретар на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1648/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**300.**

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за именување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА СПЕЦИЈАЛНИОТ ЗАВОД — ДЕМИР КАПИЈА

За членови на Конкурсната комисија за именување директор на Специјалниот завод во Демир Капија, се именуваат:

Аница Куцуловска, член на Секретаријатот на Секцијата за социјална политика во Советот на ССМ и

Марица Георгиевска, делегат на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1647/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**301.**

Врз основа на член 3 став 3 и член 8 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во ОЗТ („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН ВО ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ „КОЧО РАЦИН“ — БИТОЛА

За членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ во Битола, се именуваат:

Анѓелко Поповски, секретар на Претседателството на ОК ССРНМ — Битола и

Домница Минчева, самостоен советник за општествени дејности во Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1654/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**302.**

Врз основа на член 167 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ број 10/83, 43/85 и 50/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА БОЛНИЦАТА ЗА НЕРВНИ И ДУШЕВНИ БОЛЕСТИ — С. БАРДОВЦИ — СКОПЈЕ

Се дава согласност на Одлуката на Советот на Болницата за нервни и душевни болести — с. Бардовци, Скопје, со која за директор на Болницата е именуван

прим. д-р Предраг Кировски, досегашен директор на Болницата, лекар специјалист по невропсихијатрија

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1651/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**303.**

Врз основа на член 8 од Општествениот договор за остварување програми на Радио телевизија Скопје од поширок општествен интерес, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПОТПИСНИК НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРОГРАМИ НА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ ОД ПОШИРОК ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС

За потписник на Општествениот договор за остварување програми на Радио-телевизија Скопје од поширок општествен интерес се овластува

Петар Карајанов, претседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1650/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**304.**

Врз основа на член 228 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ број 21/84, 31/84 и 32/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА БРОЈОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

1. Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата има претседател и 20 членови.

2. Претседателот и членовите на Советот ги именува Собранието на Социјалистичка Република Ма-

кедонија од редот на заинтересираните органи, организации и заедници, работните луѓе и граѓаните, како и истакнати стручњаци што се занимаваат со прашањата за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1613/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**305.**

Врз основа на член 226 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ број 21/84, 31/84 и 32/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Се разрешуваат од функцијата претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, поради истек на времето за кое се именувани:

а) претседател
Борис Алексовски — Карче,
б) членовите:
д-р Љубомир Арнаудовски,
д-р Карпош Бошковски,
Пејко Блажевски,
Крсте Василевски,
Никола Василевски,
Гицо Василевски,
Борче Васовски,
Миле Вељановски,
Трајан Гоцевски,
Мице Димески,
Љубомир Димчевски,
полковник Јован Елемиров,
Фаница Ефтимова,
Јордан Јордановски,
д-р Владо Камбовски,
Исмет Качар,
Милица Источка — Кнежевиќ,
инж. Љубомир Пајмаковски,
д-р Никола Петров,
инж. Томислав Посохин,
инж. Петар Серафимовски,
д-р Данаил Симовски,
инж. Костадин Стојанов,
Ратко Спасовски,
Ташко Ташковски,
инж. Љубомир Тодоровски,
Јорго Хаџистерјо.
Божидар Данаиловски,
Миле Крцковски,
Душан Масев,
Иво Цветковски,
Ванчо Цветковски,
инж. Борис Чаушевски, и
Петар Цундев.

2. За претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, се именуваат:

а) за претседател
Томе Малевски, потпретседател на Стопанската комора на Македонија,
б) за членови
Борче Георгиевски, член на Претседателството на РК на ССММ,
д-р Огнен Дамев, професор на Економскиот факултет во Скопје,
Трајко Дебников, директор на ООЗТ Сообраќаен погон — ЖТО — Скопје,
Љубомир Димчевски, началник на Одделението за БКРС во РСВР,
Михајло Ѓуриќ, директор на „Максигнал“ — Скопје,
инж. Владимир Иванов, раководител на Сектор за одржување во РСИЗ за патишта — Скопје,
Ацо Ицев, член на Претседателството на АМСМ,
Ацо Костовски, член на РК на ССРНМ,
Душко Масевски, шеф на Службата за внатрешна контрола при Деловната заедница „Македонија-сообраќај“ — Скопје,
инж. Александар Мешко, член на Претседателството на Сојузот на сообраќајните инженери и техничари на Македонија,
Милисав Павловиќ, потполковник во Скопската армиска област,
Ристо Ралев, секретар на Клубот на млади природњаци и техничари при Народна техника на Македонија,
д-р Боро Ристиќ, професор на Техничкиот факултет во Битола,
Елена Старделова, стручен соработник во Пионерскиот дом „Карпош“ — Скопје,
м-р Трпе Стојановски, директор на СУВР „Елисие Поповски — Марко“ — Скопје,
Ташко Ташковски, директор на Заедницата за ризици и моторни возила при ЗОИЛ „Македонија“ — Скопје,
д-р Јован Тофоски, претседател на Стручниот центар за медицинска прва помош при Црвениот крст на Македонија,
д-р Јовица Угриновски, доцент на Медицинскиот факултет — Скопје,
инж. Борис Чаушевски, помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи, и
Петар Цундев, пензионер.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1614/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**306.**

Врз основа на член 12 од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“ број 40/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „11 ОКТОМВРИ“

Се разрешува од функцијата член на Одборот за доделување на наградата „11 Октомври“, Ташко Георгиевски, по лично барање.

За член на Одборот за доделување на наградата „11 Октомври“ се именува
Тодор Чаловски, писател.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1652/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**307.**

Врз основа на Општествениот договор за поттикнување и вреднување на творештвото во СР Македонија, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПОТПИСНИК И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ДЕЛЕГАТ ВО КООРДИНАЦИОНИОТ ОДБОР ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ТВОРЕШТВОТО ВО СР МАКЕДОНИЈА

За потписник на Општествениот договор за поттикнување и вреднување на творештвото во СР Македонија се овластува

Елица Донева, потпретседател на Собранието на СРМ.

За делегат во Координациониот одбор за поттикнување и вреднување на творештвото во СР Македонија се определува

д-р Ристо Бузалков општествено-политички работник.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1649/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**308.**

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за заштита на националните паркови („Службен весник на СРМ“ број 33/80), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ОЗТ НАЦИОНАЛЕН ПАРК „ПЕЛИСТЕР“ — БИТОЛА

Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на ОЗТ Национален парк „Пелистер“ — Битола, поради истек на времето за кое се именувани:

Анастас Вршковски,
Петар Јовановски и
Трајан Гошевски.

За претставници на општествената заедница во Советот на ОЗТ Национален парк „Пелистер“ — Битола се именуваат:

инж. Анастас Вршковски, советник на директорот на РО шумарство и преработка на дрво „Кајмакчалан“ — Битола,

Трајан Гошевски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ и

инж. арх. Крсто Тодоровски, вработен во Заводот за урбанизам и станбено-комунална техника на СРМ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1637/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**309.**

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за заштита на националните паркови („Службен весник на СРМ“ број 33/80), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ОЗТ НАЦИОНАЛНИ ПАРКОВИ И ЛОВИШТА — СКОПЈЕ

Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на ОЗТ Национални паркови и ловишта — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Никола Кастратовиќ,
Стефан Лазаровски и
Негре Новаковски.

За претставници на општествената заедница во ОЗТ Национални паркови и ловишта — Скопје се именуваат:

Негре Новаковски, член на Советот на Републиката,

д-р Живко Паришко, дипл. инж. по шумарство во пензија (Битола) и

инж. Љупчо Филиповски, директор на ШС „Караџица“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1636/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**310.**

Врз основа на член 7 од Законот за Републичкиот завод за унапредување на домаќинството („Службен весник на СРМ“ број 29/73 и 39/77), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВОТО

Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на републичкиот завод за унапредување на домаќинството, поради истек на времето за кое се именувани:

Светлана Петровска,

Бранислава Поповска, и

м-р Љубица Чонева.

За претставници на општествената заедница во Советот на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството, се именуваат:

Перо Колевски, претседател на Комисијата за животни и работни услови при Градскиот совет на синдикатите на град Скопје,

Стојанка Ристова, член на Претседателството на ОК ССРНМ Центар — Скопје, директор на ОУ „Кочо Рацин“ — Скопје и

Лојза Ническа, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1635/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**311.**

Врз основа на член 3 од Законот за странски јазици („Службен весник на СРМ" број 27/65 и 10/76), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 27 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ — СКОПЈЕ

1. Се разрешува од функцијата претставник на општествената заедница во Советот на Центарот за странски јазици — Скопје

Снежана Поп Георгиева, поради истек на времето за кое е именувана.

2. За претставник на општествената заедница во Советот на Центарот за странски јазици — Скопје, се именува

Благоја Станоевски, секретар на Советот на Претседателството на ССМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-1630/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**312.**

Врз основа на член 28 став 1 а во врска со член 39 став 1 од Законот за избор на членовите на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници, претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на 27 април 1989 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА ЕДЕН ДЕЛЕГАТ ВО СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ОД ОПШТИНАТА ВАЛАНДОВО

I

Се распишуваат дополнителни избори за еден делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ од општината Валандово.

Изборите да се извршат на 29 мај 1989 година.

II

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а пропишаните рокови почнуваат да течат од 3 мај 1989 година.

Бр. 08-1525
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р

**313.**

Врз основа на член 2, став 2 од Законот за заемот за вработување, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 27 април 1989 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА НАСОЧУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ЗАЕМОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

I

Во Програмата за насочување и користење на средствата од заемот за вработување („Службен весник на СРМ", бр. 46/86), во глава II точка 1, став 6, алинеја 8 по зборовите „и др." се става точка и запирка а текстот до крајот на реченицата се брише.

По алинеја 8 се додаваат четири нови алинеи 9, 10, 11 и 12 кои гласат:

— „вложување во инвестициони програми за создавање услови за вработување на високостручни работници во мали организации за развој, за вршење на интелектуални услуги, уметничка дејност, унапредување и рационализација на технолошките процеси, научно истражувачки јадра, како и во инвестициони програми кои обезбедуваат вработување на најмалку 20% високостручни работници од вкупниот број на работници предвидени за вработување со програмата;

— „вложување во изградба на деловен простор за потребите на малото стопанство — општествен сектор во општините;

— „вложувања во дејностите кои се вршат со личен труд и средства во сопственост на граѓаните, за финансирање на инвестициони програми од производното занаетчиство и личните услуги, како и во дефицитарни занаетчиски дејности утврдени во општината, доколку вработуваат најмалку двајца работници на неопределено време;

— „вложувања во договорни организации, задруги и работни организации основани од работни луѓе во инвестициони програми за производство на нови производи, воспоставување на подолгорочна кооперативна соработка за потребите на преработувачката индустрија, со што се овозможуваат нови вработувања;

Во алинејата 9 која станува алинеја 13, по зборот „маркетинг" се додаваат зборовите: „консалтинг организации".

По ставот 6, се додава нов став 7, кој гласи:

„Критериумите за користење на средствата од заемот се применуваат и при одобрувањето на средствата по основ на пресметана камата на средствата од заемот".

Во точка 2, став 1, под б. по зборот „работење" се става запирка и се додаваат зборовите: „развојот на краварството и овчарството, организирање на институти и развојни служби, бироа, центри за истражување, проектирање, инженеринг, маркетинг, дизајн, контрола на квалитет, експертиза и анализа, центри за информации, научно-истражувачки организации за вработување на високо стручни работници", а во втората реченица по зборот „невработени" се додаваат зборовите: „општини со изразит степен на одлив на население, општини со изразит висок степен на невработеност најмалку за 20% повисок од републичкиот просек во претходната година.".

II

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 08-1575/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р

Претедател
на Собор на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски**, с. р.

314.

Врз основа на член 18, став 1 од Законот за адвокатурата и другите видови на правна помош („Службен весник на СРМ“ бр. 6/72 и 13/78) и член 114, став 2 од Деловникот на Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 28/86), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА НАГРАДАТА ЗА ДАВАЊЕ ПРАВНА ПОМОШ ОД СТРАНА НА АДВОКАТИТЕ ПРЕДВИДЕНА ВО ТАРИФАТА ЗА НАГРАДА И НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА АДВОКАТИТЕ

1. Се дава согласност на Одлуката за зголемување на стапката за наградата за давање правна помош од страна на адвокатите, предвидена во Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, донесена на заседанието на Адвокатската комора на Македонија, одржано на 10 декември 1988 година.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-531/1
26 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

315.

Врз основа на член 6 и член 19 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 50/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## ОДЛУКА
### ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЗИМСКИТЕ СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИ ЦЕНТРИ

Член 1

Со оваа одлука се распоредуваат средствата предвидени со Републичкиот буџет за 1989 година во раздел 65, позиција 586 како учество во финансирањето на Програмата за развој на зимските спортско-рекреативни центри по одделни корисници и намени во вкупен износ од 1.500.000.000 динари.

Член 2

Средствата за член 1 на оваа одлука се распоредуваат за учество во финансирањето на Програмата за развој на зимските спортско-рекреативни центри, жичари, ски-лифтови и ратраци на:

1. Хемиско-електрометалуршки комбинат „Југохром“ — Јегуновце, ООЗТ „Попова Шапка“ 600.000.000 динари
2. Смучарски центар „Маврово“ с. Маврово 600.000.000 динари
3. Туристичка агенција „Паластурист“ — Скопје 300.000.000 динари.

Член 3

Оваа одлука ќе ја извршува Републичкиот секретаријат за финансии, а според динамиката на приливот на средствата на Републичкиот буџет, во сообразност со обезбеденото учество од останатите учесници во финансирањето на изградба, реконструкција и опремување на објектите.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-939/1
20 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

316.

Врз основа на член 10 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 36/81, 27/85, 34/86, 41/88), а во врска со член 27 став 1 точка 1 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 28/87), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Висината на дневниците за службени патувања во земјата на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се утврдува во износ од 50.000 динари.

2. Ако за време на службеното патување се користи ноќевање, на работниците им се признаваат трошоци за ноќевање во полн износ, врз основа на приложената сметка, со исклучок на хотел „де лукс“ категорија.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-147 од 16 јануари 1989 година.

4. Оваа одлука влегува во сила од 25 април 1989 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-147/2
21 април 1989 година
Скопје

За претседателот
на Комисијата за кадровски и
административни прашања,
д-р **Саво Климовски**, с. р.

317.

Врз основа на член 21 став 1 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 36/81, 27/85, 43/86 и 1/88), а во врска со член 27 став 1 точка 3 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ број 28/87), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО

1. Надоместокот на трошоците за одвоен живот од семејството на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се утврдува во износ од 400.000 динари.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-148/109 од 16 јануари 1989 година.

3. Одлуката влегува во сила од 1 мај 1989 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-148/2
21 април 1989 година
Скопје

За претседателот
на Комисијата за кадровски и
административни прашања,
д-р **Саво Климовски,** с. р.

**318.**

Врз основа на Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1986 до 1990 година (Дел први, глава XII, точка 3 и 4), („Службен весник на СРМ“ бр. 43/85) и Републичкиот буџет за 1989 година (Раздел 65 позиција 590) („Службен весник на СРМ“ бр. 50/88) и член 5 точка 10 од Општествениот договор за позабрзан развој на определените подрачја во ридско-планинските реони и граничниот појас во СР Македонија за периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ“ бр. 24/86), Координациониот одбор, на седницата одржана на 18 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАСПРЕДЕЛБА И КОРИСТЕЊЕ НА НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ И ДРУГИ УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ ВО ПОГРАНИЧНИТЕ И ВО КОМПАКТНО ЗАОСТАНАТИТЕ РИДСКО-ПЛАНИНСКИ НАСЕЛБИ ВО ПОРАЗВИЕНИТЕ ОПШТИНИ ВО РЕПУБЛИКАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Дел од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година во висина од 600,0 мил. динари определени за учество во создавањето на стопанска и друга инфраструктура во пограничните и компактно заостанатите ридско-планински населби во поразвиените општини во Републиката определени во член 5 точка 2 од Општествениот договор за позабрзан развој на определените подрачја во ридско-планинските реони и граничниот појас во СРМ за период од 1986 до 1990 година ќе се определуваат и користат на начин и според условите определени во оваа одлука.

Член 2

Со средствата од претходниот член ќе се потпомага уредувањето на градежното земјиште (изградба на пристапни сообраќајници, довод на електрична енергија, обезбедување на вода) при подигањето на стопански капацитети на локациите каде не се обезбедени потребните инфраструктурни услови, како и за изградба на локални патишта, изградба на училишен простор за основно образование, изградба на амбулантно-поликлинички објекти, за ПТТ врски во селските населби и за објекти за физичка култура.

Член 3

Корисници на средствата од член 1 од оваа одлука можат да бидат организациите на здружен труд, самоуправните интересни заедници, собранијата на општините и другите правни лица преку кои се реализираат инфраструктурните зафати.

Средствата од оваа одлука ќе можат да се користат само како учество односно со ангажирање и на средства од месното население, собранијата на општините и други извори.

Член 4

Средствата за создавање на инфраструктурни услови, Координациониот одбор за спроведување на Општествениот договор за побрз развој на определените ридско-планински подрачја и граничниот појас, и тоа врз документација и образложени барања ја донесува оваа одлука, а учеството на овие средства во пресметковната вредност може да изнесува до 60%.

Член 5

Со примена на определбите од член 1 и 2, расположливите средства во висина од 600,0 мил. динари се распоредуваат на следните корисници:

— во мил. динари

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ГРО „Гранит“ ООЗТ XI градилиште — Делчево<br>— пристапен пат за каменолом во дисперзираниот зафат во с. Град во должина од 2,5 км | 40,0 |
| 2. | ЗЗ „Горица“ — Охрид<br>— снабдување со електрична енергија и изградба на мрежа во должина од 2,5 км за бачилата на Галичица<br>— снабдување со вода и довод во должина од изворите до бачилата на Галичица | 50,0 |
| 3. | ЗС „Градинар“ — Охрид<br>— регулација на р. Матица и Г. Река, изградба на пристап и мост во Белчишко блато | 60,0 |
| 4. | РО „Сирма“ — Прилеп<br>— изградба на пристапен пат до рудникот во с. Бешиште во должина од 1000 м на потегот од раскрсницата на патот с. Полчиште — с. Бешиште | 50,0 |
| 5. | РО „Солидност“ — Прилеп, с. Витолиште<br>— изградба на пристапен пат до поготот во с. Витолиште, и<br>— изградба на септичка јама<br>— приклучување на водоводна инсталација | 30,0 |
| 6. | ЗИК „Прилеп“ ООЗТ „Сточарство“ — с. Витолиште, Мариово<br>— изградба на водопоила за фармите во Мариово и пристапен пат за постоечката фарма „Рамништа“ | 70,0 |
| 7. | ЗЗ „Илинден“ — с. Старавина, Мариово<br>— довод на вода до овчарска фарма | 40,0 |
| 8. | ЗЗ „Тодор Минов“ — с. Тимјанин<br>— пробивање пристапен пат до говедарската фарма на патот с. Дуње — Вепрчани во должина од 6,5 км<br>— пристапен пат до акумулацијата во с. Дуње, Мариово | 20,0 |
| 9. | ОСИЗ за патишта — Куманово<br>— завршување на патот до с. Бајловце во должина од 4 км во Козјачијата | 90,00 |
| 10. | ОСИЗ за патишта — Прилеп<br>— тампонирање на патните правци Липов Дол — Крушејца;<br>бр. 109 — с. Чаниште;<br>бр. 109 — с. Полчиште — с. Бешиште<br>бр. 109 — с. Дуње — с. Пештани | 50,0 |
| 11. | Општински одбор на месни заедници<br>— понатамошна изградба на водовод за с. Градешница, Старавина, Будимирци, Зовиќ и Груниште (прва етапа на изградба) | 30,0 |
| 12. | Месна заедница — с. Слатино, Дебарца<br>— довршување на водовод | 10,0 |
| 13. | Собрание на општина Кавадарци<br>— изградба на водовод во с. Рожден, Мариово | 10,0 |
| 14. | Собрание на општина Кавадарци<br>— изградба на патен правец с. Ладно Долче — с. Крнево, Мариово | 30,0 |
| 15. | Собрание на општина Кочани<br>— патен правец Каменица — с. Цера (граничен појас) | 20,0 |

Член 6

Користењето на средствата според оваа одлука ќе се врши преку основните банки на Стопанска банка — Здружена банка — Скопје.

Овластената банка Стопанска банка — Здружена банка — Скопје, преку која се остваруваат и користат средствата на Републичкиот фонд, ќе ги врши финансиските работи и ќе се грижи за наменската

употреба на средствата и за тоа ќе го известува Републичкиот фонд.

Ако средствата се користат ненаменски односно не се во согласност со оваа одлука и не се обезбедува учество од другите извори, Стопанска банка — Здружена банка — Скопје преку основните банки во системот ќе го следи наменското користење на средствата и ќе го извести Републичкиот фонд за преземање соодветни мерки.

Член 7

Корисниците на средствата по оваа одлука должни се писмено до 1. IX. 1989 година да го информираат Координациониот одбор преку стручната служба на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за текот и износот на користењето на одобрените средства и средствата од други извори, како и за обемот на извршените работи. На корисниците кои до 1. IX. 1989 година не ќе го започнат користењето на доделените средства со соодветен износ од другите извори, со одлука на Координациониот одбор ќе им бидат повлечени и доделени на нови корисници.

Сите корисници на средствата должни се до 31. XI. 1989 година до Координациониот одбор — Стручна служба на РФНП да поднесат детален извештај за вкупно потрошените средства (доделени неповратни и од други извори), како и за обемот на извршените работи.

Доделените средства кои не ќе бидат ангажирани до 30. XI. 1989 година со одлука на Координациониот одбор ќе бидат повлечени и прераспределени на нови корисници.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 03-263/1
27 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Координациониот одбор,
ген. потпол. **Миле Арнаутовски,** с. р

---

**319.**

Врз основа на член 23 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" бр. 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88 и 18/89), републичкиот секретар за финансии, пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ, УПЛАТУВАЊЕ И ОТСТАПУВАЊЕ НА ДАНОКОТ ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Во Правилникот за начинот на пресметување, уплатување и отстапување на данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 10/86 и 10/88), во називот и во член 1 запирката по зборот: „пресметување" се заменува со сврзникот „и", а зборовите: „и остапување" се бришат.

Член 2

Во член 3 се вршат следниве изменувања: во точка 2-а зборовите: „4 и 5" се заменуваат со зборовите: „3 и 4"; во точка 3 бројот „7" се заменува со бројот „6"; во точка 4 бројот „8" се заменува со бројот „7"; во точка 5 бројот „9" се заменува со бројот „8"; во точка 6 бројот „10" се заменува со бројот „9"; во точка 7 бројот „11" се заменува со бројот „10"; во точка 8 бројот „12" се заменува со бројот „11"; во точка 9 бројот „13" се заменува со бројот „12"; во точка 10 бројот „14" се заменува со бројот „13"; во точка 11 бројот „15" се заменува со бројот „14"; во точка 12 бројот „16" се заменува со бројот „15"; во точка 13 бројот „18" се заменува со бројот „17"; во точка 13-а бројот „19" се заменува со бројот „18"; во точка 14 зборовите „17 и 20" се заменуваат со зборовите: „16 и 19"; во точка 15 бројот „21" се заменува со бројот „20"; во точка 16 зборовите „22 и 23" се заменуваат со зборовите: „21 и 22"; во точка 17 бројот „24" се заменува со бројот „23"; во точка 18 бројот „25" се заменува со бројот „24" и во точка 19 бројот „26" се заменува со бројот „25".

По точката 19 се додава нова точка 20 која гласи:

„20. Како дел од доходот, во смисла на член 8, алинеја 26 и 27 од Законот, се смета делот од доходот остварен со користење на туристичките капацитети вон главната туристичка сезона во висина од 50%, и делот од доходот остварен од работничките одморалишни капацитети кои се вклучени најмалку 50% во комерцијалната туристичка понуда".

Член 3

Во член 4 зборот: „периодичната" се заменува со зборот: „полугодишната".

Член 4

Членот 5 се менува и гласи:

„Месечниот износ на аконтацијата на данокот од доход во текот на годината обврзникот на данокот го утврдува од податоците искажани во образецот „ДД" и тоа за:

— периодот јануари — јуни, според основицата на данокот од доход утврдена по годишната пресметка за претходната година, зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период во однос на просечните цени на мало во претходната година;

— периодот јули — декември, според основицата на данокот од доход утврдена по полугодишната пресметка зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период од второто полугодие во однос на просечните цени на мало во првото полугодие".

Член 5

По член 5 се додава нов член 5-а кој гласи:

„Член 5-а

Месечниот износ на аконтацијата обврзникот на данокот го утврдува на образецот „МДД" — Пресметка на данокот од доход за месец ——19—— година, кој е составен дел на овој правилник".

Член 6

Во член 6 зборовите: „5 од образецот „ДД" се заменуваат со зборовите: „7 од образецот „МДД".

Член 7

Во член 7 зборовите: „завршната сметка" се заменуваат со зборовите: „годишната пресметка", а зборот: „периодична" се заменува со зборот: „полугодишна".

Член 8

Во член 8 зборовите: „завршната сметка", се заменуваат со зборовите: „годишната пресметка".

Член 9

Во член 9 зборовите: „периодичната пресметка и на завршната сметка" се заменуваат со зборовите: „полугодишната и годишната пресметка".

Член 10

По член 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

„Член 9-а

Даночниот обврзник е должен до 15-ти во тековниот месец за изминатиот месец до организационата единица на Службата на општественото книговодство да достави и пополнет образец „МДД"."

Член 11

Во член 11 зборовите: „завршната сметка" се заменуваат со зборовите: „годишната пресметка".

Член 12

Членовите 14 и 15 се бришат.

Член 13

Во член 16 зборовите: „периодичната односно завршната сметка" се заменуваат со зборовите: „полугодишната односно годишната пресметка".

Член 14

Во член 17 зборовите: „како и пресметувањето на отстапениот дел од придонесите, по основ на извоз" се бришат.

Во став 2 ред 2 и 3 зборовите: „периодичната пресметка и на завршната сметка" се заменуваат со зборовите: „полугодишната и годишната пресметка", во ред 5 и 6 зборот „периодичната" се заменува со зборот „полугодишната" и во ред 6 и 7 зборовите: „завршната сметка" се заменуваат со зборовите: „годишната пресметка".

Член 15

По член 17 се додава нов член 17-а кој гласи:

„Член 17-а

Месечниот износ на аконтацијата на придонесите и другите издвојувања од доходот обврзникот го утврдува на образецот „МПДЗ" — Пресметка на придонесите и другите издвојувања од доходот за месец —— 19—— година, кој е составен дел на овој правилник.

Даночниот обврзник е должен до 15-ти во тековниот месец за изминатиот месец до организационата единица на Службата на општественото книговодство да достави и пополнет образец „МПДЗ" во еден примерок".

Член 16

Во член 18, во став 1 и 2 зборот: „ОД" се брише.

Член 17

Во образецот „ДД" — Пресметка на данокот од доход на организациите на здружен труд за периодот од 1 јануари до —— 19—— година во колоната „Елементи" под I. Утврдување на основицата за пресметување на данокот од доход на реден број 2. 18, обврзникот ќе го искаже и делот од доходот остварен со користење на туристичките капацитети вон главната туристичка сезона во висина од 50% и делот од доходот остварен од работничките одморалишни капацитети кои се вклучени најмалку 50% во комерцијалната туристичка понуда.

Член 18

Во образецот „МДД", реден број 1 во колоната 3 и 4 се искажува износот од реден број 3 од образецот „ДД" — Пресметка на данокот од доход на организациите на здружениот труд и тоа за пресметување на месечниот износ на аконтацијата за:

— периодот јануари — јуни, според годишната пресметка на данокот од доход;

— периодот јули — декември според полугодишната пресметка на данокот од доход.

На реден број 2, на образецот „МДД" во колоната 3 и 4 се искажува бројот на месеците (6 односно 12), во зависност од тоа дали основицата е утврдена со полугодишна односно годишна пресметка на данокот од доход.

Член 19

Во образецот „МПДЗ", во колоната број 3 се искажува основицата што служи за пресметување на придонесите и другите издвојувања од доходот на следниот начин:

а) Од реден број 1 до реден број 10, се искажува износот од реден број 3 од образецот „ДД" Пресметка на данокот од доход на организациите на здружен труд и тоа за пресметување на месечниот износ на аконтацијата за:

— периодот јануари — јуни, според годишната пресметка на данокот од доход;

— периодот јули — декември, според полугодишната пресметка на данокот од доход;

б) Од реден број 11 до реден број 26, II. 3 и II. 4 се искажува износот од реден број 3 од образецот „ПДЗ" — Пресметка на издвојувањата од доходот чија обврска е утврдена со закон или врз основа на закон и тоа за пресметување на месечниот износ на аконтацијата за:

— периодот јануари — јуни според годишната пресметка на издвојувањата од доходот;

— периодот јули — декември според полугодишната пресметка на издвојувањата од доходот;

в) Од реден број 28 до реден број 31 се искажува основицата што е утврдена со самоуправната спогодба.

Во колоната број 4 на образецот „МПДЗ" се искажува бројот на месеците (6 односно 12) во зависност од тоа дали основицата е утврдена со полугодишна односно годишна пресметка на издвојувањата од доходот.

Член 20

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 08-1519/1
28 април 1989 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
м-р **Методија Тошевски,** с. р.

ОБРАЗЕЦ „МДД"

ПРЕСМЕТКА
на данокот од доход за месец ———
19—— година

(во динари)

| Реден број | Елементи | Износ за претходната година | Износ за тековната година |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | Даночна основица (р. бр. 3 од образ. „ДД") | | |
| 2. | Број на месеци од полугодиш. одн. годиш. пресм. (6 одн. 12) | | |
| 3. | Месечна основица (р. бр. 1 : со р. бр. 2) | | |
| 4. | Процент на кумулативен пораст на цените на мало | | |
| 5. | Месечна даночна основица за пресметка (ред. бр. 3 x ред. бр. 4 : 100 + ред. бр. 3) | | |
| 6. | Пропишана стапка | | |
| 7. | Месечен износ на аконтациијата (ред. бр. 5 x ред. бр. 6 : 100) | | |
| 8. | Уплатена аконтација за месец ———— 19—— год. | | |
| 9. | Помалку уплатен данок од доход за месец —— 19—— година (ред. бр. 7 минус ред. бр. 8) | | |

На ———— 19—— година

